РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1409-226/2
25-06-...

27-06-2018

08 351/20

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 13. седница одржана на 14.06.2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Меѓународни односи: Разрешување конфликти, дипломатија и глобално управување " втор циклус студии на Филозофскиот факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје**

1. Се акредитира студиска програма "**Меѓународни односи: Разрешување конфликти, дипломатија и глобално управување**" втор циклус студии на **Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје**, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**Магистер по меѓународни односи**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно - истражувачко поле: 5.07 Политички науки 5.11 Социологија 5.03 Економски науки 5.16 Безбедност.
Научно - истражувачка област: Сите области од наведеното поле.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Филозофски факултет, втор циклус студиска програма „ Меѓународни односи: Разрешување конфликти, дипломатија и глобално управување “, на 30.04.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 9 седница одржана на 08.05.2018 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 13. седница одржана на 14.06.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

академик Владо Камбовски